**Известување за концентрација со која Оне Агенцу Холдинг АБ, Шведска ќе стекне контрола над Поларкејп Консалтинг АБ, Шведска (предмет бр. 08-181/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Оне Агенцу Холдинг АБ**, друштво организирана и постоечка врз основа на законите на Шведска, со седиште лоцирано на Лунтмакаргатан 66, 113 51 Стокхолм, Шведска, ќе стекне единствена контрола над **Поларкејп Консалтинг АБ** со седиште на Санкт Ериксгатан 63Б 112 34 Стокхолм, Шведска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Оне Агенцу Холдинг АБ** нуди широк спектар на висококвалитетни услуги во управувањето со технологија и ИТ кои им помагаат на клиентите да ја водат својата дигитализација побрзо, полесно и попредвидливо. Обезбедуваат високо искусна експертиза која, преку сеопфатна програма за развој на вештини, секогаш може да даде увид и решенија на сите предизвици на клиентите.

Стелла Капитал АБ индиректно ќе се стекне со контрола над Поларкејп Консалтинг АБ преку холдинг друштвото Оне Агенцу Холдинг АБ.

Стелла Капитал се специјализирани за електронска трговија, SaaS (метод на испорака на софтвер и лиценцирање каде софтверот се пристапува преку интернет преку претплата, наместо да се купува и инсталира на поединечни компјутери) и технолошки овозможени услуги.

Купувачот и Групата на Купувачот немаат поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак оствариле било каков приход во 2022 на пазарот во Република Северна Македонија.

Дејностите на **Поларкејп Консалтинг АБ** вклучуваат дизајн на услуги, анализа на процеси и бизнис, управување со производи и сопственост на производи, агилни лидери на тимови, архитектура на решенија, управување со проекти и тестови.

Поларкејп Групата во Македонија моментално има 1 поврзано друштво:

- Друштво за компјутерски консултантски дејности ПОЛАР КЕЈП МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. 11-ти октомври бр. 1-1 кат 2 Скопје, со ЕМБС 6675344, со приоритетна дејност-компјутерско консултантски дејности.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазарот за ИТ консултантски услуги

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.12.2023 година
Скопје